Д-р Виолета ПЕТРОСКА-БЕШКА

# МУЛТИКУЛТУРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ

Што мислите, како вообичаено гласи одговорот на прашањето *„Дали во Македонија има етнички конфликти?"* поставено како дел од било која улична анкета, со какви во последно време не бомбардираат? Моето искуство кажува дека повеќето запрашани, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат, иако веднаш помислуваат дека се мисли на конфликти меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, сепак одговараат дека етнички конфликти во Македонија нема. Зошто?

Освен тоа што е под влијание на потребата да се негираат проблемите, ваквиот одговор е резултат на погрешното сфаќање за тоа што е конфликт. Во секојдневниот говор под конфликт се подразбира исклучиво спор во кој две или повеќе спротиставени страни применуваат сила како средство да победат, или како средство да се одбранат, како што самите гледаат на тоа. При тоа, под примена на сила се подразбира нанесување физичка повреда или штета, иако се повеќе се признава дека е можно да се зборува за примена на психолошко насилство над противникот.

За да се даде целосна слика за тоа што всушност се подразбира под терминот конфликт, или поточно, под терминот етнички конфликт, треба да се направи разлика меѓу три меѓусебно поврзани компоненти на конфликтот: конфликтна ситуација, конфликтно однесување и конфликтни ставови (Mitchell, 1981).

*Конфликтна ситуација** е секоја ситуација во која две или повеќе спротивставени страни сметаат дека имаат цели што не можат истовремено да бидат задоволени. При тоа, секоја страна мобилизира енергија да постигне определена цел и секоја страна ја посматра другата како пречка во постигнувањето на таа цел. Кога се зборува за етнички конфликти, страните ги претставуваат етнички групи кои живеат на иста територија.

*Конфликтното однесување** го сочинуваат активностите што ги презема едната страна во конфликтната ситуација, а кои се насочени кон спротивставената страна со на-

мера да ја принудат да ги напушти или да ги модификува своите цели. Активностите не мора да бидат насилни за да се вбројат во конфликтно однесување. Насилното однесување не произлегува автоматски од секоја конфликтна ситуација, ниту пак конфликтното однесување мора да вклучува елементи на принуда. Конфликтното однесување може да вклучува заканување со санкции, нудење на неприфатливи алтернативи, дискусии и убедувања, повикување на заеднички вредности или на здрав разум, и да опфаќа цел спектар на ненасилни активности, иако секогаш заканата со насилство може да виси во позадина, дејствувајќи како прикриена принуда доколку било која од непринудните активности не успее да ја оствари поставената задача.
***Конфликтните ставови** се психолошки состојби, кои ги придружуваат, а честопати и влошуваат и конфликтните ситуации и конфликтното однесување на страните. Конфликтните ставови ги сочинуваат емоционални и когнитивни елементи. Во емоционалните елементи спаѓаат чувствата на лутина, гнев, недоверба, огорченост, презир, страв, завист или сомневање во намерите на другите. Најкарактеристични когнитивни елементи се стереотипите и одбивањето да се прифатат информации што не се во согласност со формираните стереотипи, за да се одржи конзистентна структурата на верувањата за спротивставената страна.

За конфликтните ставови се смета дека се, пред сé, фактори кои произлегуваат од конфликтните ситуации, а не фактори кои во основа ги предизвикуваат конфликтите, иако можат да придонесат за нивно влошување. Покрај тоа, неспорно е дека искуството од претходните конфликти остава елементи на предрасуди и непријателство што можат да влијаат врз идното однесување и ова може да стане дополнителен извор на идни судири.

Конфликтните ставови честопати стануваат клучни фактори во подоцнежните судири, но и во продолжувањето на конфликтите кога првобитната ситуација толку се изменила што повеќе не е доволен фактор за продолжување на конфликтот. Омразата и гневот можат да до-

бијат примарно значење, па дури и да ги изменат првобитните свесни цели на странките – да развијат потреба за поразување, казнување или понижување на противникот.

Токму конфликтните ставови се онаа компонента на конфликтот што може да се доведе во најтесна врска со мултикултурното образование.

Но, пред тоа да биде јасно експлицирано, имам потреба да образложам што подразбирам јас под мултикултурно образование применето во нашата земја. Тоа ќе се обидам да го сторам наведувајќи ги најраспространетите *погрешни сфаќања* за мултикултурното образование што неговите противници ги користат како аргументи против неговото прифаќање.

**1. Мултикултурното образование е само за припадниците на малцинствата.**

Движењето за мултикултурно образование е замислено да ги реконструира образовните институции така што сите учесници, без оглед на тоа дали припаѓаат на мнозинскиот народ или на малцинствата, да стекнат знаења, вештини и ставови што се потребни за ефикасно функционирање во културално и етнички разновидна средина. Според тоа, мултикултурализмот во образованието не е наменет само за одделни народи и/или народности. Тоа е движење што треба да им овозможи на сите учесници, независно од нивната национална припадност, да бидат добро информирани за својата земја, да водат грижа за неа и да станат активни граѓани во своите етнички мешани средини.

Сфаќањето дека мултикултурното образование треба да се ограничи на припадниците на малцинствата е едно од најопасните мисконцепции со кои движењето мора да се бори. Впрочем, таков вид „мултикултурно“ образование постои во нашата образовна практика. Во училиштата, во кои припадниците на малцинствата учат на својот мајчин јазик, званично и/или незванично, учениците се запознаваат, освен со културата на мнозинскиот народ и со фрагменти од културата на својот народ. Меѓутоа, таквата образовна концепција не е мултикултурна во вистинска смисла – се сведува единствено на образование за малцинствата. Мултикултурализмот во образованието треба да го вклучи како етно-културното и историското нас-

ледство на мнозинскиот народ, така и етно-културните и историските наследства на малцинските народи. И сето тоа да биде наменето за сите учесници, без оглед на нивната национална припадност, кои учат во етнички чисти или мешани училишта на етнички чиста или мешана територија.

**2. Мултикултурното образование ја загрозува културната традиција на мнозинскиот народ.**

Тезата произлегува од погрешното сфаќање дека осознавањето на кутуралните обележја и вредности на другите народи претставува опасност по културалните обележја и вредности на мнозинскиот народ. Ваквата теза би била прифатлива само под услов да е вистинито гледиштето дека меѓу културните традиции на малцинските народи постои таква која е на повисоко ниво во однос на културната традиција на мнозинскиот народ, заради што може да предизвика промени во етно-културните обележја на мнозинскиот народ. Или пак, дека некој од малцинските народи со својот варварски однос кон културните традиции на другите народи, може да ги измени етно-културните обележја на мнозинскиот народ. Со други зборови, прифатливоста на тезата е условена од претпоставката дека осознавањето на културните традиции на малцинските народи би довело до потиснување на културните вредности на мнозинскиот народ, па дури и до губење на неговиот културен идентитет.

Мултикултурното образование би можело да се разгледува како опасност по културната традиција на мнозинскиот народ и од перспектива на некој кој стравува дека осознавањето на етно-културалните обележја и на малцинските народи би можело да доведе до истакнување на заедничките моменти и неутрализирање на разликите, што би водело кон претопување на една култура во друга и губење на сопствениот културен идентитет. Меѓутоа, критичарите на мултикултурализмот искажуваат загриженост поради можноста претопувањето да оди во правец од мнозинската кон малцинската култура, не водејќи при тоа сметка дека монокултурализмот во образованието го форсира претопувањето во правец од малцинската кон мнозинската култура.

**3. Мултикултурно образование води кон поделба на земјата.**

Противниците на мултикултурализмот тврдат дека мултикултурното образование ќе ја подели земјата и ќе го подрие нејзиното единство. Ова гледиште делумно се базира на сомнителната претпоставка за идеалната природа на уредувањето во земјата и делумно на погрешното разбирање на мултикултурното образование.

Тврдењето дека мултикултурно образование ќе ја подели земјата поаѓа од претпоставката дека земјата е обединета. Од политичка гледна точка нашата земја навистина е една, но од социолошка и психолошка гледна точка таа е „поделена", меѓу останатото, и во однос на националната припадност на нејзините жители. Мултикултурното образование, пред сé, е замислено да помогне да се обедини така „поделената" земја, а не да се подели земјата што е кохезивна.

Воведувањето мултикултуризам во образованието не произлегува од културниот партикулизам, туку го поддржува геслото *e pluribus unum* – од повеќе, еден. Мултикултуралистите и нивните противници најчесто се спорат околу тоа како да се постигне *unum.* Колку повеќе општеството и училиштата се обидуваат да креираат единство преку асимилација на малцинските групи во културата на мнозинскиот народ, толку повеќе бараат од нив да го искусат процесот на самоотуѓување. Инсистирањето културата на мнозинскиот народ да се презентира како единствена култура во образовниот процес можеби може да помогне да се обедини земјата, но на сметка на искривување на концептот за себе што го формираат учениците чиј културен идентитет е игнориран во постоечките наставни планови и програми.

Мултикултурализмот гледа на pluribus unum како на цел од општо добро, верувајќи дека токму тој unum треба да се дискутира, дека мора да се реструктуира, за да ја одрази етничката и културната разновидност на земјата. Реформулацијата на она што значи да се биде обединет мора да биде процес што вклучува учесници кои произлегуваат од сите културални и етнички групи, кои мораат да

ги надминат своите културални и етнички граници со цел да придонесат за доброто на сите граѓани во земјата (Banks, 1993).

Каква е врската меѓу мултикултурното образование и етничките конфликти? Врската произлегува од фактот што во основата на етничките конфликти лежат стравувањата и грижите на припадниците на етничките групи кои произлегуваат од следните базични психолошки потреби на човекот: потреба за идентитет, потреба за сигурност и потреба за заедништво.

**Потребата за идентитет** вклучува потреба за осознавање на самиот себеси и на групата на која ѝ припаѓа, како и потреба да се обезбеди почитување за себеси и за групата на која ѝ припаѓа.

**Потребата за сигурност** се темели на потребата да се обезбеди сопстен опстанок и опстанок на својата група, како и сигурност дека нема да има угнетување и гонење заради групниот идентитет.

**Потребата за заедништво** ја вклучува потребата да се создадат и одржат врски во рамките на поширокото семејство, пријателите и групите на кои им се припаѓа.

Секое загрозување на една, две или сите три од наведените базични психолошки потреби на повеќето припадници на една етничка група води кон етнички конфликт. Притоа, треба да се има предвид дека и во ситуациии кога изгледа крајно неоправдано стравувањето дека е загрозена било која од наведените потреби, сепак чувството на загрозеност може да опстојува. Во повеќето случаи тоа се должи на присутноста на конфликтните ставови во чија основа се негативните чувства какви што се гневот, недовербата, огорченоста, презирот и стравот од една страна, и етничките стереотипи од друга страна.

Опстанокот на негативните чувства и стереотипите најчесто е резултат на намалена комуникација која лесно може да се злоупотреби за негување, па дури и влошување на предрасудите и негативните ставови кон припадниците на другите етнички групи. И покрај тоа што намалената комуникација може да биде резултат на изолација, таа многу често е последица, но и причина за меѓусебно непознавање. Искуството покажува дека многу полесно се комуницира со некој што се познава отколку со некој што не се познава. Меѓусебното запознавање е еден од клуч-

ните фактори како за ублажување на негативните чувства кон припадниците на другите етнички групи, така и за отфрлување на етничките стереотипи.

Мултикултурното образование нуди надминување токму на непознавањето како предуслов за негување и опстојување на етничките конфликти. Запознавањето со етно–културното и историското наследство на етничките групи во текот на образовниот процес може да придонесе за задоволување на потребата за идентитет на припадниците на малцинските народи, без да ја загрозува потребата за идентитет на припадниците на мнозинскиот народ. Тоа се постигнува со самото тоа што на културата на етничките групи („културата“ сфатена најшироко) ѝ се придава соодветно значење, заради што на припадниците на етничките групи им се нуди бараната почит кон себеси и својата група.

И потребата за сигурност може да се разгледува низ призмата на мултикултурното образование. Обезбедувајќи поквалитетна комуникација меѓу припадниците на етничките групи и задоволувајќи ја потребата групен идентитет, мултикултурниот пристап во образованието може да придонесе да се обезбеди и потребата за сигурност. Од комуникацијата се очекува да ги ублажи негативните чувства кон припадниците на другите етнички групи и да ги разоткрие етничките стереотипи. На тој начин се обезбедуваат предуслови да се отстрани стравувањето дека припадниците на групата ќе бидат угнетувани или гонети заради сопствениот етнички идентитет.

Запознавањето со етно–културното и историското наследство на припадниците на етничките групи овозможува не само да се осознаат специфичностите на различните култури, туку и да се согледаат допирните точки во културните традиции. На тој начин, како и преку задоволување на потребите за идентитет и сигурност, може да се обезбеди и задоволување на потребата за заедништво, не само во рамките на етничката група како потесна група на која ѝ се припаѓа, туку и во рамките на целата земја како најширока група на која ѝ се припаѓа.

Да резимирам, атакот врз предрасудите е централна придобивка на мултикултурното образование, заедно со целта да се оспособат учениците да стекнат такви сознанија, да развијат такви вештини и да интернализираат такви вредности и ставови што ќе им овозможат да се чувствуваат удобно во средина со

културна разновидност каква што е нашата. Таквото образование на учениците треба да им даде можност на културната разновидност да гледаат како на креативен сегмент на сопствениот развој, којшто ќе влијае врз релациите што ги градат, врз професионалните и лични судови што ги донесуваат и врз социјалните трансакции што ги склопуваат.

## Литература:

Banks, J.A. (1993) Multicultural Education: Development, Dimensions, and Challeneges. Phi Delta Kappan, Sept. 1993

Degler, C.N. (1993) Multikulturizam kao izazov. Pregled. 261

Glazer, N. (1991) In Defense of Multiculturalism. New Republic, 2 Sept.1991

Lynch, J. (1989) Multicultural Education in a Global Society. London: The Falmer Press

Mitchell, C.R. (1981) The Structure of International Conflict. New York: St. Martin's Press

Nelson, J.L., Carlson, K. & Palonsky, S.B. (1993) Multicultural Studies: Representative or Divisive. Во книгата: Critical Issues in Education: A Dialectic Approach. New York: McGrown Hill

New York State Social Studies Review and Development Committee (1991) One Nation, Many People: A Declaration of Cultural Interdependance. Albany: State Education Department, SUNY

Ravich, D. (1990) Multiculturalism, E Pluribus Plures. American Sholar, 59 (3)

Wong, F.F. (1992) Traganje za zajedništvom. Pregled, 258 (издание на Амбасадите на САД)

***Violeta Petroska - Beska***

## ***Multicultural Education and Ethnic Conflict***

*Summary*

*After describing the three interrelated components of ethnic conflicts - conflict situation, conflict behavior, and conflict attitudes, the study emphasize the relevance of multicultural education concerning conflict attitudes (prejudices and negative emotions). Then, the author's notion of multicultural education is explained through several most common misconceptions. In this section the author argues that multicultural education: (1) is not only for the members of the ethnic minorities, (2) does not endanger cultural tradition of the ethnic majority, and (3) does*

*not necessarily lead towards division of the country. In the last section, the study discusses the impact of multicultural education on conflict attitudes and its importance in developing and maintaining the satisfaction of the basic psychological needs underlying ethnic conflicts: the need for identity, the need for security, and the need for community. In conclusion, the author suggests that, the attack on prejudices is the main acquisition of multicultural education with regard to ethnic conflicts, besides preparing students to gain knowledge, to develop skills, and to internalize values which would help them feel comfortable in a culturally diverse society.*